**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Реплика.Еве пак баби и жаби.Мостот е финансиран од Зоран Заев и СДСМ и точка.Ако ти како што го кажуваш ова е така ние требаше како 10 луѓе мнозинство од СДСМ да го одбереме комплетниот УО на Комуналец да биде наш бидејки сме мнозинство. Но не мора да се договараме во инрес на граѓаните е да се договараме . Јас не викам дека тоа не е така но зошто баш овие 2 се одбрани од совет на родители. Немора да биде ни СДСМ.Имаме ние директори од СДСМ но нашите директори ако не се консултират со Градоначалникот ниедна мерка не превземаат, еве го Градоначалникот е жив нема каже ако не етака. Јас не сакам директор на установа да ми се обраќа мене или да ме прашува кој да биде, но куртоазно е да праша. Ние 10 души од СДСМ ние сме за децата секогаш и ја гласаме програмата и сите други акти. И ние правиме притисок во централата за пари и за отварање на градинкии се да биде како што треба ниедно дете да не биде надвор. И вие тоа неможе да го земете , во овоа време во оваа Влада на СДСМ ниедно дете во Кавадарци не чека за во градинка. И што се нервирате, Митко бил ВМРО добро де нека биде знаеме ние, не измислите нешто ново. Но ке остане забележано дека во мандатот на Митко и во мандатот на оваа Влада ниедно дете не чека за во градинка. Во ваше време дебели врски требеше да фаниш за да си го запишеш детето во градинка.Требеше да се молиш. Во ваше време дебело ке трчиш на митинзи 7-8 години па договор на дело за да ти дадат решение.Добро ти колешке знаеш ли колку членови на ВМРО одеа негувателки и воспитувачки па сега земаа решение во наше време на чело со Градоначалникот.Нашата влада ви даде решение а не вашата. Но нашата влада за разлика од вашата мисле на сите. По предлог на градоначалникот беше греота е некој да оде на работа и да не земем решение а некој сега да влезе и да земе решение.Сега нашите одат со договор на дело во градинка а вашите си земаа решение.

**ДУШИЦА КРСТИЌ:** Реплика , Почитуван колега точката на дневен ред е градинка, не е Зоран Заев не е влада не е наши и ваши. Пак правите и мешате маши и баби. Ние неможеме да исполнуваме желби , тоа си е работа на управниот одбор и администрацијата која што работи во градинката.И од вашата советничка група вчера на комисијата имавте претставник еве ја Василка беше претставник.Вие користите популизам и кажувате што направила оваа влада. Убаво е тоа но не мислат сите така, јас немислам така, дека вие од кога сте на власт тече мед и млеко ако е така нема да штрајкуваат секој ден , да не споменувате работи кој што ги засегаат граѓаните и немојте да кажувате само дека оваа влада се се направило во Кавадарци. За да се направе во Кавадарци треба да имаш добро менаџирање, добри проекти и сето тоа кога ке го склопиш тоагаш мине. Имате вие многу ваши градоначалници и зошто тие не се успешни, значи ... и се обракам до претседателот,ако е точка на дневен ред градинка, а не влада треба за тоа да збориме.и да си го сменете вокабуларот.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Контрареплика, Јас и се имам јавувано на колешката Душица и на Директорката за дете да запише таму. И знам како е ., Сега она бране нешто што не се бране, за Градоначалниците на другите градишта не ме интересира јас не живеам во Берово или во Крива Паланка, Не ме ни интересира и не ни знам кој е Градоначалник.Многу е лошо да дебатираш со човек кој што работе во таа установа долго време , прима плата и она дебатира а знае точно како беше.Пред 2-3 години 500 деца беа запишани и неможеше да се примат, сега не е така а тоа е заслуга на Градоначалникот Митко Јанчев. Сите заслуги одат кај него и го фалат и тоа е факт. Пред 3 години побргу ке ти падне на лото отколку детето да се запише во градинка.Колешката Душица тоа го нае. Деца се родија и почнаа да одат на школо неможеа да ги запишат во градинка. Сите го знаете тоа. Јас не бегам дека Митко е успешен и го менаџира но неможете да избегнете од фактот дека и централната влат помага во сето тоа Благодарам

**ТАШО РАДЊАНСКИ :** Почитуван Градоначалник, претседателе, советници и медиуми, ова ке биде реплика. Вака јас оваа од Туриманцов го сватив како еден повик до ВМРО ДПМНЕ и ако не верувам дека овие луѓето кои што се тука присутни се раководството на ВМРО ДПМНЕ, и меѓу другото разбрав дека секогаш имавме еден фер плеј однос со градоначалникот и со советничката група.Дека Директорот неможе да има влијание во тоа кој ке бидат членови во советот на родители тоа е приказна за мали деца и за омладина. А јас ниту сум дете ниту сум омладинец а и вие.Многу добро знаете дека и текако директпорите имамт влијание и знмаете како кога училиштето Страшо Пинџур преку УО сменуваат Директор и одржуваат состанок во Општинската сала.И те како директорот преку партија може да има влијание над управниот одбор.Дај да не го прекинуваме тоа што досега беше пракса за гласање и ако и понатаму има некои одлуки каде што треба да има поделба на членовите да бидете транспарентни и дисциплинирајте си го директорот.

**НИКОЛА ТРЕНДАФИЛОВ :** Почитуван, градоначалник, претседателе, колеги советници, граѓани, демократија е ова секој има право да си го каже своето мислење но според мене таму каде што нема политика не смееме ние сега да бараме да има политика.Дали имал директорот влијание или не јас не знам . Но ние сега тука бараме да има член на СДСМ или ВМРО или на друга партија таму каде што според ниеден правилник не е предвидено да има член од некоја партија.Според мене немате никакво право да има таму член од СДСМ исто каако што ние од ВМРО немаме право да бараме да има член од ВМРО ДПМНЕ.Има двајца затоа што така одлучил совет на родители. Значи вака рековте дека Градоначалникот е од ВМРО ДПМНЕ немате проблем, директорката на Градинката е од вмро и немате проблем а за членовите на совет на родители имате проиблем,не ја гледам поентата. Еве сите велиме и гледаме дека нема листа на чекање дека децата се сместени, зошто да политизираме нешто кое што нема потреба да се политизира, па споменувате тука ретро речник а сакаме во Европа да одиме,а зборите за наши и ваши. Владата не е ни ваша и наша господине Туриманцов значи таа е влада на РЕПУБЛИКА Македонија, јас мислам дека ние самите треба да почнеме од нас и да не партизираме таму каде што не треба.Точно е дека сите одлуки на градоначалникот советот едногласно ги гласа. Јас незнам зошто сега треба да се партизира таму каде што не треба, советот на родители донел одлука а не директорката. Не барајте партизација таму каде што нема потребва. А таму каде што СДСМ со ВМРО се договарат заедно со градоначалникот во однос на кадровски решенија, проблемите се надминуваат. А ние треба да се трудиме да деполитизираме а не да бараме партизација таму каде што нема.Благодарам

**ТАШО РАДЊАНСКИ :** Реплика , почитуван колега, вие сте советник од ВМРО ДПМНЕ во Кавадарци.Сакате да кажете дека вас за советник ве одбраа тие 5-6000 илјади ваши членови во Кавадарци, и ако ние сме демократија, не одлучија они одлучија тие неколку членови во општински а ако има проблем одлучуваат во Скопје.Исто е тука, единствено што ви кажувам за да не ви се прекрше тоа што е принцип во работењето е да си го дисциплинирате Директорот. А она за Заев ,ние Заев го кажуваме како еден добар пример какао треба да се однесува еден премиер, не дека он даде од неговите. Тоа е само еден добар пример. А фактот дека претходниот премиер иако Кавадарци заслужуваше не го направи тоа иако беше Ваш.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Јас се слагам со дискусијата на Докторот и ако не треба да има политика ок, е вака сега, пак за Митко Јанчев Градоначалникот, не за Заев не дека парите се негови, дел од програмата на Градоначалникот Митко Јае изградба на скејт парк, финансиран од општината а ако не си обезбеде он средства ке обезбеде од Владата на Македонија.

Комплетно реновирање односно замена на кровна конструкција на Тошо Велков Пепето ако не обезбеде пари општината да го финансира Владата.Е тука е разликата од нас до вас. Осум години имате Градоначалник ништо, 3 години имате градоначалник избран од Вас што ние го подржаваме затоа што е квалитетен и мисле на Кавадарци, е затоа СДСМ не праве разлика. И вториот мандат ако се кандидатира, тие што ке бидат советници од СДСМ ако работе добро како сега пак ке го подржават. Мене ми е многу криво што беше ОН ЛИНЕ седницата за ЈП Паркинзи, туку тогаш молчете, па да му кажете на овој народ колку го оштетите буџетот на Општина Кавадарци со тој потег но тоа не ви одговара. Ке го замолам градоначалникот да каже и да ви каже колку време потроши за господинот кој што го имаше тендерот за паркингот.и знаите ли зошто се договори, и што речи човекот,кафе пиеме и вика Галис многу е глупо да си го тужиш сопствениот град каде што ти расттат децата, еден куп пари требеше да ни земат.

**НИКОЛА ТРЕНДАФИЛОВ:** Сега излегува дека СДСМ е супер а ВМРО е катастрофа, тоа не е така, барем во Кавадарци секој ден може да видете голема фабрика Дрекслермајер , тоа чисто да ви кажам дека не сме толку заникаден.Дрекслермајер е инвестиција која што ја донесе Владата на ВМРО ДПМНЕ, и тогаш според вашата логика тоа е заслуга на ВМРО ДПМНЕ, епа Кавадарци се крена од кога дојде Дрекслермајер ај да не го споменувам цело време решавањето на проблемот со водата пред 5-6 години, значи понешто направиле и ВМРО ДПМНЕ. Според мене седницата на совет оде во погрешна насока.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Уште сега се јавувам и веке не, ние не сме рекле нешто против Дрекслермајер тоа е добро, 5-6 000 луѓе да одат на работа тоа е фантастично и јас викам ако не е дрекслермајер Кавадарци го нема. А зошто вас ви е тешко да признаете дека оваа Влада предводена од Зоран Заев ке направе нова градинка, оваа влада ке го направе патот за Мушов гроб, Митко е ВМРО што има веза, а вие не сакате да го признаете.

**ВЕСНА ЃОРЃИЕВА:** Почитуван Градоначалник, претседателе , советници, медиуми и граѓани, многу се расплини оваа точка, а не требаше, многу повеке требаше да се зборува за ситуацијата во градинката како ке биде во случај ако ни се појави дете или наставнички или помошен персонал да е заболен од ковид.Знаеме ситре дека градоначалникот Митко Јанчев е градоначалник на ВМРО ДПМНЕ, во времето на ВМРО ДПМНЕ , господине Туриманцов вашиот Зоран Заев беше Градоначалник и беше успешен градоначалник , сигурно тој самиот не ги обезбеди парите од својот џеб или од фирмите на Заев , туку ги обезбеди од Владата на РМ што тогаш беше претседател Груевски. А точно Груевски замина и Груевски не е тука, претседател на ВМРО е друг човек . Ако сакате да ви кажам дека во училишните и управните одбори колку имаме членови од ВМРО и од СДСМ е тогаш ке видеме кој се повеке и колку СДСМ има директори во градот а имаме наш градоначалник. Дали во времето кога Заев беше Градоначалник во Струмица имаше директори од ВМРО, немаше. Па тоа е заслуга на нашиот градоначалик што има толку вработувања и во школите и во градинките. Само толку имам да ви кажам.Сметам дека претседателе се оддалечивме многу од темата за оваа точка.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани, сакам вака еден заклучок да донесеме од целокупната поисцрпната дискусија , и не само да ни завидуваат другите општини туку и други европски држави имаат проблем со запишување на деца во градинките.Тоа е случај и со Австрија и Германија и Словенија каде што секое дете нема можност да оде во државна квота.

Во Кавадарци има можност и е благодарениое на владата, на вас советниците, на граѓаните наши, спомнавте претходни лидери, сегашни лидери и т.н. Јас еден повик јавен ке упатам доколку некој од училишните одбори во било кое училиште се заснова врз основа на партиска одлука и партиски застапува го повикувам да си даде оставка.Тие таму треба да бидат избрани на чесен и легитимен начин и да ја застапуваат третата страна а тоа е нашето општество, граѓаните а не партиите. Во делот на она што ги класифицирате директорите на наши, ваши и партиски, јас тука би додал нешто. Во општина Кавадарци сите директори се соодветни и на соодветни места и соодветно си ја вршат својата дејност во делот на она шо го раководат.Немам забелешка ни по еден. Имаме редовни координации и со секторите и со директорите и до сега ниту на еден состанок во Општина Кавадарци и ниту на една одлука не влијаела партиска припадност. Немојте да ги класифицирате директорите на партиски , бидеки тоа ке продолже натаму и ако дојде ден јас моето дете да го запишам во едно или другои школо поради партиската припадност на директорот ке си направиме поголем проблем.Тие се директори на инститцијата и на општина Кавадарци. Во делот на тоа што заслужува Општина КАВАДАРЦИ, Општина Кавадарци заслужува многу повеке, и тоа ке го придобиеме. Минатата недела имав разговор со премиерот Зоран Заев по посетат во Грција, и новиот премиер на Грција го потврди граничниот премин дека ке биде во прва фаза и дал налог да се праве. Така ке ги задоволиме граѓаните. Ние тука како Градоначалник и советници работиме во интерес на 40 000 жители а не ан 6000 или на 7000 партиици. Кога ке дојдат избори ке се направе капмања секој ке си го каже своето и ке одлучат граѓаните. Она што го споменавте колку е добар Зоран Заев, колку е добар претходниот, колку е добар Мицковски како лидер, јас би кажал една работа, Дај боже сите да размислуваме објективно, ова нека не биде мислење на мојата лична партија туку мое лично мислење, дај боже да сме сите како Зоран Заев и да бидеме флексибилни и да може да работиме. Ако така стигнмеме од двете страни да го постигнеме истото а и вие тоа го знаете ние ке бидем држава Швајцарија, флексибилноста не е само во доделувањето на работни места и функции, туку во тоа што ке постигнеме утре и зад утре.Ние како партија ВМРО ДПМНЕ, на републичко ниво моментално немаме некоја соработка. Но на општинско ниво имаме добра соработка и треба да бидеме пример. Нашиот пример треба да го пренесеме, секаде каде што може да успееме. На пример Германската Амбасадорка пред 2 недели ми беше гостинка и спомена една работа дека пред да дојде во Македонија била економско аташе во Албанија. Самата кажа колку била љубоморка што се земала инвестицијата Дреклслермајер во МАКЕДОНИЈА. И србите и албанците се бореле за да биде таму инвестицијата, а ете благодет е да биде во Македонија а па уште поголем благодет е да биде во Кавадарци.Еве сега донираа и компјутери за нашите деца 150 компјутери.за училиштата.Општина Кавадарци заедно со мене секогаш ке се трудиме да бидеме најдобри. Политиката која што треба да ја извадеме извадете ја во проекти. Видете ги финансиските показатели како работе општина Кавадарци заедно со службите од основен буџет од 190 000 000 имаме 320 000 000 основен буџет од капитални проекти од 60 000 000 имаме 140 000 000. Сеуште не сум задоволен од децентрализацијата , од 2005 е застаната. Мораме ние како советници и јас . преку ЗЕЛС да децентрализацијата ја спуштиме на пониско ниво. И сами знаете што значи тоа 4,5% повраток на ДДВ а беше ветувано дека ке биде 6 па 8 па 9, 10. Деценнтрализацијата во делот ан образованието , ние само одговорност имаме кон образованието. Треба да се бориме МОН да ја изграде салата во Страшо Пинџур, тоа е нивна обврска, ние ке ја изградиме во Ваташа а тие во Страшо Пинџур.Треба да се бориме на готов проект на концертна сала изградена да ни се даде средното музичко училиште. Би ве повикал како советници сите заедно во овие вакви моменти, кога иммае Ковид ситуација, кога имаме проблем со лош квалитет на грозје и вишок на грозје, и владата носе мерки заедно со нас за да го откупе грозјето.

Факт е дека владата одвои екстра 4 000 000 евра за да го додоткупиме грозјето и тоа 2 000 000 ковид програма и 2 000 000 редовна ппрограма. Да не ги занемариме и нашите пратеници кои што се вклучија во сет проблем и треба на вакви седници кога имаме стратешки прашања да ги викнеме и пратениците а не за училишен совет. Сакам да потенцирам и во делот на целокупното работење на општина Кавадарци дека транспаретноста ни е на високо ниво, исто и објективноста, и со раководниот кадар немам никакви забелешки во делот на партиската припадност.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Благодарам Градоначалниче за исцрпниот одговор. КТВ нека ми изреже ЦД од говорот на Градоначалникот. Па пушштите си го таму на тие вашиот комитет, еве ви го лидерот, не трчите по Мицко од негова уста чуте се , и уште не ви е јасно 2020 година е а не 2005. ЦД да ми изрежите за во комитетот да си го пуштете.

**НИКОЛА ТРЕНДАФИЛОВ :** Благодарам на колегата Туриманцов дека не е 2005, ни 1945, 2020 е. Вие баравте совет на родители да си ја смене одлуката бидејќи биле членови на ВМРО ДПМНЕ, ова колку да потетам кој е за во 2005 а кој за 2020.Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ :** Колеги да одиме со галсање по точките, ке ги читам точките ,

33. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци за воспитната 2019/2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

34. Годишна Програма за работа на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци за воспитната 2020/2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

35. Годишен План со арх.бр.04-141/1 од 12.08.2020 година за вработување во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

36. Правилник со арх.бр.01-147/1 од 18.08.2020 година за составот и начинот на работа за Комисија за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

37. Правилник со арх.бр.01-147/2 од 18.08.2020 година за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

38.Одлука со арх.бр.02-142/7 од 18.08.2020 година за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2020/2021 во ЈОУ Детска

Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

39.Одлука со арх.бр.02-142/8 од 18.08.2020 година за утврдување на работното време на вработените во ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

40.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци„(од совет на родители);
Кој е за 6 ЗА 9. Предлогот не е прифатен , повторно ке одиме со нови предлози.

41. Одлука за давање на согласност на Одлука со арх.бр.02-284/1 од 02.09.2020 година за отуѓување на движни ствари, донесена од Училишен Одбор на ООУ„ Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Отварам расправа, Кој е за, Едногласно. Констатирам дека е усвоена точката од дневе ред.

42. Предлог-Одлука за формирање на Одбор за подигање/дислокација на спомен обележје-спомен биста на Диме Туриманџов-Горски;
Отварам расправа , ја повикувам претседателката на Комисијата за избори и именувања да ги прочита предлозите.

**ВИОЛЕТКА ДИМИТРОВА** : Почитуван Градоначалник, претседателе, колеги советници, За членови во Одборот за подигање дислокација на спомен обележје-спомен биста на Диме Туриманџов-Горски се предлагаат Виолета Димитрова член на совет, Весна Горѓиева – советник, Јулијана Туриманџова –Дом на култура, Весна Ѓорѓиева-Локален музеј Галерија, Сања Крстик- Општинска администрација.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ** : Почитувани , прашав и не ми е јасно имам една забелешка или незнам како да кажам, 2014 година се случи еден немил настан во Струмица загинаа 5 пилоти на хелихоптер . Едниот загинат е од Кавадарци, Орешков Тоде роден 1970 година, би сакал да направиме една спомене обележје, дали ке биде тоа плоча или не. Инаку Орешков Тоде беше активен учесник во војната во 2001 година, загина на 44 година , цел живот го помина во македонската армија, наш кавадарчанец е

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

**43.**Извештај за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци за период од 01.01.-30.06.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„Мито Хаџи Василев-Јасмин„ Кавадарци;
Отварам расправа, Дали некој бара збор, Кој е за, Едногласно. Констатирам дека е усвоена точката од дневе ред.

**44.**Извештај со арх.бр. 03-1715/3 од 14.09.2020 година, за работењето на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01-01.2020-30.06.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци ;
Отварам расправа, дали некој бара збор,Кој е за, Едногласно. Констатирам дека е усвоена точката од дневе ред.

**46.** Правилник со арх. бр.03-1715/7 од 14.09.2020 година за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,,Кавадарци

Отварам расправа, Кој е за, Едногласно. Констатирам дека е усвоена точката од дневе ред.

**46.**Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

**47.**Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци

Отварам расправа по двете точки по 46 и 47ма. Кој бара збор.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Благодарам претседателе, почитувани советничката група на СДСМ Кавадарци за точка бр 46 ке гласа ЗА , но нема да гласаме за 47ма точка. Имавме координации, советниците на СДСМ Кавадарци се на мисла дека не треба да гласаме за цена на вода за период кога нема да бидеме дел од советот, тоа е 2022 и 2023. За 2021 немате покачување на водата останува сегашната цена, 18 и 23 денари кубик а за 2022 и 2023 имате минимално покачување од 0,6 денари. Јас знам дека сега ке излезе Градоначалникот и ке рече дека ова е регулаторна комисија, ова е закон, и така треба да биде. Но јас гледам еден социјален аспект . Во кавадарци оваа година , јас сум 50 години, а градот ја помина една од најтешките години. Луѓето не земаа пари од ништо и сега да го изгласаме ова вака , не е во ред,предлагам до директорот и градоначалникот да се најде некој модел, да нема 3 години никакво отстапување од цената. До мене стигат контакти од луѓе дека плакаме високи цени на сметки на вода , директорот ке реше дека тоа не етака но какао да му објасниш на обични луѓе дека струја плака 500 денара а вода 2000 денари. Луѓето не гледат дека градот се развива и се шире, дека Комуналец работе нон стоп, но моментот не е добар.Ке направам мала дигресија и ке му се заблагодарам на сите вработени во Комуналец заради тоа што максимално луѓето си ја вршат работата, градот е чист, но на граѓаните не им е битно они ти викат дека плакат висока сметка за вода. Ако може 2020 и 2023 да остане истата цена. Ако е регулаторна, и регулаторна ја направи струјата во Македонија да биде минимална па излегоаа на протести, и таму е регулаторна и закон е и тоа е политика. Пак ке кажам немам ништо против Комуналец , и сум за да се качат платите на општите работници, за политика не сакм да зборувам, но не е моментот дека во општина Кавадарци ке се покаче цената на водата за 2022 и 2023 година и ако е минимално ке не осудат.

**ГРАДОНАЧАЛНИК :** Почитувани, како и секоја јавна институција така и Општина Кавадарци мора да ги почитува законот и прописите, Ако треба да се донесе нешто за 3 или 5 години, тоа се планирања кои што секоја општина или јавно претпријатие мора да ги планира и донесе.И претходно имало и советници и градоначалници, кои што носеле подолгорочни одлуки и ке носат , Општина Кавадарци во моментот има најефтина вода во цела држава.

Само една споредба ке направам со Општина Неготино која што е на 10км, и од 24часа 10часа имаат рестрикација на вода. Таму м3 е 24 денари а кај нас е 18,2. Тоа го тврдам одговорно. Да не зботувам за велес каде што е 34 денари и т.н. Во Општина Кавадарци од ЈП Комуналец без разлика на сте успеси и функционирање нема да има покачување ни по еден основ.Се согласувам нека остане ова вака , ке дадеме една препорака до регулаторна комисија до крајот на нашиот мандат доколку немем реперкусии нека си остане ова вака ни ни поеден основ да нема покачување. Но и на регулаторна препораките се мали покачувања за 2022 и 2023 година. Тука сакам исто да се заблагодарам на вработените во ЈП Комуналец кои се изложени најмогу на ризик, на сама незаштита, во делот на исфрлање на отпад, во водовод и хигиена. Според статистиката која што ја имаме ЈП Комуналец е во добра кондиција , во делот на извршувањето на програмите за зеленило , хигиена  е 95%, . ЈП комуналец по програма н општината ги работе сите одржувања на полски патишта и е меѓу првото кое има механичко чистење за пометување а не рачно. Истото од 1ви октомври ке распише тендер за нова хидро петта централа за правење и ке биде благодет за наредните години. Проектот е готов, градежна довола има, одлука на совет има, финансирањето ке го обезбеде директорот. И дејностите околу градските гробишта се подобрени, ке се вклуче и во делот на новиот пазар, селокупната расположлива механизаја на комуналец се во интерес на граѓаните. Механизација од 3ти лица не користи, со сопствени ресурси реконструираме годишно атмосверска, водоводна канализаца. И лукар е направен од нашите предци и во наредниот период мора да размислеме за нов цевковод бидејки трајноста на Лукар има век. Никој до сега не инвестирал во Лукар а е векњ 40 години.Еде апел директорот , и платите се покачени од најноско до ниво техничар за 30% а ЗА ПОВИСОКИТЕ ДО 5%. Апелот е од утре да се направе анализа , покрај Ковид мерките , заради одговорното работење на вработените кои не остава ниедно кесе на улица, кај луѓето во самоизолација од портата им го фрлаа ѓубрето и апелот е да се најде начин да се исплате К15.Благодарам.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги одиме со гласање на точка бр.

**47.** Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за .Едногласна благодарам

Другата точка 47.Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за регулиран период 2021-2023 година донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, по препораките на Градоначалникот и неговата забелешка не така како што напишано туку така како што кажа градоначалникот, Ајде првен да ја формулираме точката, ..

5 МИН ПАУЗА.

**ЛАЗАР ТУРИМАНЦОВ :** Да нема забуни еве информација до граѓаните ке енма покачување на водата во општина кавадарци до крајот на оваа година и наредната 2021 година.Тоа нека го знаат граѓаните и уште еднаш благодарност до Комуналец и вработените ете нека земат и К15.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Ке ја формулираме точката и ке ја прочитаме за гласање.
**ЛЕНЧЕ ЧИРКОВА** : Советот на Општината ја пприфаќа препораката на регулаторна комисија за донесување на цената до 31.12.2021 година но не пониска од цената од постоечката. А за предложените цени за 2022 и 2023 година не влегуваат во оваа одлука.

**РИСТО САКАЛИЕВ** : Одиме со гласање. Едногласно благодарам

**48.** Предлог-Одлука за примање на донација на садници за пошумување и озеленување на Градот Кавадарци од Здружение на граѓани "4 Х 4 Х 4 БАЛКАНСКИ МОСТОВИ" Скопје;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

**49.**Предлог-Одлука за примање донација –услуга изразена како превоз на патници од ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци ;

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

**50.**Предлог-Одлука за за обезбедување на простории-канцеларии на пратениците од Општина Кавадарци.

Кој е ЗА. 19 за Констатирам дека е усвоена точката со 19 гласа ЗА.

**РИСТО САКАЛИЕВ:** Колеги со ова е исцрпен дневниот ред и ја затварам 45та седница на совет на општина Кавадарци и ви посакувам добар викенд.

Изготвил : Стефанија Стоева

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Сакалиев**